ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ - ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

ул. „Никола Карев“ бр. 2
Тел: 043 233 461
Факс: 043 211 255
E-mail:ou-vasilglavinov-veles@schools.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: 03-03-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност. |
| 25- | 1511/1 | 3 | |

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 02-122/1
03.03.2025 год.
ВЕЛЕС

До
Советот на Општина Велес

ПРЕДМЕТ: Барање позитивно мислење за Годишна програма за планирани ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „Васил Главинов“ Велес

Почитувани,

Согласно член 48 став 1 од Законот за основно образование и член 7 став 1 од Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни ученички активности на учениците во основните училишта, а по претходно добиено позитивно стручно бр.09-40/2 од 04.11.2024 година од Бирото за развој на образование и Мислење од Советот на родители при ООУ „Васил Главинов“ Велес бр.02-108/4 од 27.02.2025 година, Ви ја доставуваме Годишната програма за планирани ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година бр.01-369/5 од 11.07.2024 година на Ваше запознавање и добивање позитивно мислење.

ПРИЛОГ: Годишна програма за планирање на ученички екскурзии и излети бр.01-369/5 од 11.07.2024 година

Мислење за изведување ученички екскурзии и други слободни активности бр.09-40/2 од 04.11.2024 година на БРО Скопје

Мислење од Совет на родители бр.02-108/4 од 27.02.2025 година

ООУ „Васил Главинов“ Велес
Директор
Драги Коцевски

Република Северна Македонија Општинско Основно Училиште Васил Главинов Велес

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 02-108/4
27-02 20 25 год.
ВЕЛЕС

# ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

ул. „Никола Карев“ бр. 2
Тел: 043 233 461
Факс: 043 211 255

Врз основа на член 42, став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25) и донесениот Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности за учениците од основните училишта од МОН, Советот на родители на ООУ„Васил Главинов" Велес дава:

## МИСЛЕЊЕ

На ден 27.02.2025 година се одржа состанок на Советот на родители на ООУ„Васил Главинов“ Велес и се разгледа изготвената Програма за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на училиштето ООУ„Васил Главинов" Велес со бр. 01-369/5 од 11.07.2024 година, а по претходно добиено позитивно мислење од Бирото за развој на образованието за Програма за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на училиштето ООУ„Васил Главинов" Велес со арх. бр. 09-40/2 од 04.11.2024 год. при што Советот го дава следното мислење:

**Советот на родители на ООУ„Васил Главинов“ смета дека Програмата за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на училиштето е во согласност со позитивните законски прописи и дава позитивно мислење за истата да се реализира.**

Датум:
27.02.2025 год.

Претседател на Совет на родители

Никола Цилаков

# „Училиште во кое СИТЕ учат“

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 01-369/5
11.07.2024 год.
ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

## ООУ„ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ - ВЕЛЕС

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ

**Учебна 2024/2025 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
ВЕЛЕС

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД I одд.

Според насоките од Министерството за образование и наука за оваа учебна година 2024/2025 излетот се организира на оддалеченост до 5 километри од училиштето без користење на јавен превоз. Излетот ќе се организира на ниво на одделение и ќе се реализира во согласност со моменталните мерки и препораки.

**Цели и задачи:**

- Престој во природата во функција на здравјето на учениците.
- Негување на колективниот живот и другарство.
- Запознавање со предметите и појавите во нивните природни средини и во нивните животни услови.
- Во здраво тело – здрав дух, негување на физичката активност во интерес на здравјето, изведување на спортски активности на отворено

**Време на изведување:**

- Излетот ќе се реализира во месец мај 2025 год.

**Опфат на ученици:**

- Ќе бидат опфатени учениците од I одделение.

**Патен правец:**

- Училиште- Градски парк- училиште

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**

- Посета на градскиот парк

**Раководители на екскурзијата :**

- Маргарита Евтимова — $I_1$ одд.
- Паулина Ставрева — $I_2$ одд.
- Далиборка Тосева — $I_3$ одд.
- Славица Левкова — $I_4$ одд.
- Александра Величкова Зафировска — $I_5$ одд.
- Лилјана Темелкова — $I_6$ одд.
- Сузана Тодорова — Подрачно – нас.Превалец
- Мариела Пановска — Подрачно – нас.Раштани

**Одговорен на стручен актив за I одд.**

- Оделенски наставник: Маргарита Евтимова

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД II одд.

Според насоките од Министерството за образование и наука за оваа учебна година 2024/2025 излетот се организира на оддалеченост до 5 километри од училиштето без користење на јавен превоз. Излетот ќе се организира на ниво на одделение и ќе се реализира во согласност со моменталните мерки и препораки.

**Цели на еднодневниот излет:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Престој во природата во функција на здравјето на учениците.
- Систематизирање и проширување на знаењата преку учество и реализирација на наставните часови планирани согласно Наставните планови и програми по одделни наставни предмети ;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себеси.

**Време на изведување:**

- Излетот ќе се реализира во месец мај /јуни2025 год.

**Опфат на ученици:**

- Ќе бидат опфатени учениците од II одделение.

**Релација :**

- Училиште- околината на општина Велес - училиште

| **Активност** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| Посета на Градскиот парк во општина Велес<br>Организирање на меѓуодделенска мини олимпијада<br>Караоке забава по завршетокот на Мини олимпијадата и прогласување на победници | Стручен актив на второ одделение | Спортски реквизити | мај – јуни / 2025 година |

**Раководители на еднодневниот излет**

- Елена Клемова II 1 одделение
- Трајче Станковски II 2 одделение
- М-р Елена Костова II 3 одделение
- М-р Катерина Стојкова II 4 одделение
- Билјана Радевска II 5 одделение
- Емилија Несторова II 6 одделение

**Забелешка**:

- Трошоците за планираниот еднодневен излет ги сносуваат родителите на учениците.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД III одд.

Воспитно-образовни цели на екскурзијата

**Училишната екскурзија има за цел:**

- Да се повторат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат во изградување на
- Вредносен систем на однесување при колективни дружби, посети и патувања, проширување на знаења , желби, интереси

**Задачи**

- Престој во природа во функција на здравјето на учениците; развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Негување на другарството, социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себе
- Поврзување на знаењата со реалноста
- Запознавање со природните карактеристики, убавините на посетените места, запознавање со верски објект и историски знаменитости од подалечното минато

**Содржини и активности**

- Посета на археолошки локалитет „Стоби“ со предавање за одредени стари градби од водич ;
- Посета на верски објект, манастирот Св.Ѓорѓи“ во близина на градот Неготино ;
- Посета на градот Дојран, прошетка низ градот, пикник покрај Дојранското Езеро, забавно рекреативни игри на детски спортски игралишта ;
- Слободни активности во градскиот парк во Дојран

**Одговорен тим**

- Одделенски раководители на паралелките од трето одделение
- Образовни асистенти на ученици со ПОП

**Времетраење**

- Поаѓање во 7:30 часот, враќање во 18:00 часот

**Локации и правци на патување**

- Велес – археолошки локалитет „Стоби“ – манастир Свети Ѓорѓија- Дојран- Велес

**Техничка организација**

- Туристичка агенција

**Начин на финансирање**

- Средствата за екскурзијата ги обезбедија учениците, односно нивните родители/старатели

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV одд.

Во годишната програма за работа на училиштето за IV одделение е планиран еднодневен излет во блиската околина. Истиот е корисен од здравствен, емоционален,воспитно- образовен и рекреативен карактер.

**Цели и задачи:**

- Престој во природата во функција на здравјето на учениците
- Негување на колективниот живот и другарството
- Поврзување и проширување на знаењата на учениците со реалноста, теоријата со практиката и нивна конкретна и нагледна систематизација
- Запознавање на учениците и проширување на нивните знаења за животинскиот свет.
- Истражување на животински свет.

**Време на изведување:**

- Излетот ќе се реализира во месец мај или јуни 2025 год.

**Релација:**

- Велес-Кавадарци-Ваташа-Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**

- Посета на градот Кавадарци
- Посета на споменикот ,,12 Ваташки младинци“
- Престој во паркот

**Буџет:**

- Средства за излетот ќе ги обезбедат учениците, односно нивните родители или старатели.

**Стручен актив на четврто одделение**

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД V одд.

Стручниот актив на петто одделение во Годишната програма за работа за учебна 2024/25 година планира еднодневен излет кој има научен, воспитно – образовен, здравствен и рекреативен карактер.

**Релација:**
- Велес – Штип – Ново село – Велес

**Цели на еднодневниот излет:**
- Проширување на стекнатите знаења за природните убавини и ресурси во Република Северна Македонија
- Запознавање и проширување на стекнатите знаења за археологија, археолошки наоѓалишта, градби кои постоеле во подалечното минато;
- Продлабочување на знаењата за народното творештво, стари занаети и културно – историски градби кои датираат од минатото;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Систематизирање и проширување на знаењата преку набљудување и реализирација на наставните часови планирани согласно Наставните планови и програми по одделни наставни предмети ;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себеси.

**Активност**
- Посета на Баргала – древен град во Македонија
- Посета на тврдина Исар (штипска тврдина)
- Посета на безистен Штип (уметничка галерија)
- Посета на Саат кула во Штип
- Посета на Ново Село (штипска населба)
- Посета на црква ,,Св. Никола" – Штип

**Ресурси**
- Спортски реквизити

**Временска рамка**
- мај – јуни / 2025 година

**Раководители на еднодневниот излет**
- Лилјана Миланова V 1 одделение
- Виолета Гемишова V 2 одделение
- Биљана Димовска Стојкова V 3 одделение
- Анита Ѓошева V 4 одделение
- Марјана Самарџиева V 5 одделение
- Мирјана Танчева V 6 одделение
- Лила Арсова Објект 2

**Финансирање:**
- Трошоците за планираниот еднодневен излет ги сносат родителите на учениците.

**Забелешка:**
- Оваа програма доколку има потреба може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и во согласност на активот.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI одд.

Во годишната програма за работа на училиштето за учениците од VI одд. планирана е дводневна екскурзија

**Цели и задачи**

- Запознавање на учениците со дел од историското, културно и природно наследство на Р.С.Македонија и проширување на стекнатите знаења
- Развивање на свеста за здрава еколошка животна средина
- Негување на колективен живот и другарство

**Време на реализација:**

- Во текот на месец мај, 2025 година,поаѓање од Велес 07:30 часот.

**Опфат на ученици:**

- Ќе бидат опфатени сите ученици од VI одд.

**Предели подрачја и објекти што ќе се посетат:**

1. Прв ден:

- Посета на Лешочкиот манастир гробот на народниот просветител Кирил Пејчиновиќ
- Разгледување на градот Тетово
- Посета на Вруток,изворите на р.Вардар
- Ноќевање во Маврово (организирана забава во вечерните часови)

2. Втор ден:

- Посета на манастирот Свети Јован Бигорски
- Разгледување на градот Гостивар
- Враќање во попладневните часови за Велес

**Напомена:**

- Доколку нема заинтересираност на учениците за дводневна екскурзија ќе се реализира еднодневен излет

**Раководители на екскурзијата**

- Стручен актив на VI одд

**Буџет**

- Средствата за екскурзијата ќе бидат обезбедели од учениците преку родителите

**Одговорен наставник**

- Славица Марковска

**Алтернативна опција доколку не се реализира дводневната екскурзија**

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI одд.

**Цели и задачи**

- Запознавање на учениците со дел од историското, културно и природно наследство на Р.С.Македонија и проширување на стекнатите знаења
- Развивање на свеста за здрава еколошка животна средина
- Негување на колективен живот и другарство

**Време на реализација:**

- Во текот на месец мај, 2025 година,поаѓање од Велес 07:30 часот.

**Опфат на ученици:**

- Ќе бидат опфатени сите ученици од VI одд.

**Предели подрачја и објекти што ќе се посетат:**

- Поаѓање во раните утрински часови на релација Велес -Штип
- Разгледување на градот Штип -Посета на научниот музеј во Штип;
- Разгледување на фрески и иконите на црквата во Радовиш;
- Колешинските водопади во Струмица со нејзините знаменитости
- Посета и разгледување на градот Струмица.
- Враќање во попладневните часови за Велес

**Раководители на екскурзијата**

- Стручен актив на VI одд

**Буџет**

- Средствата за екскурзијата ќе бидат обезбедели од учениците преку родителите

**Одговорен наставник**

- Славица Марковска

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VII одд.

Во годишната програма за работа на училиштето за VII одд. е планиран еднодневен излет. Излетот има рекреативен карактер, корисен е за здравјето на учениците и има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес.

**Цели и задачи**:

- Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците;
- Со самиот излет се допринесува за негување и проширување на другарството;
- Излетот допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат.

**Време на изведување**:

- Екскурзијата ќе се реализира во втората половина на месец мај 2025 година.

**Таргет група**:

- Ќе бидат опфатени сите ученици од VII одделение.

**Патен правец** :

- Велес- Штип- Ново Село- бањата Кежовица- Штип-Сити мол- Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат**:

- Посета на научниот музеј во Штип;
- -Посета на тврдината Исар;
- -Музејот на восочни фигури во Ново село;
- -Бањата Кежовица;
- -Посета на Сити мол.

**Водачи на екскурзијата**:

- Раководители на паралелки на сите седми одделенија

**Буџет**:

- Средствата за екскурзијата ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители.

**Одговорни наставници:**

- Катерина Најдов VII-1
- Никола Божиков VII-2
- Веселинка Маџарова VII-3
- Весна Здравковска VII-4
- Светлана Стојановска VII-5
- Андонова Милка VII-6

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VIII одд.

Во годишната програма за работа на училиштето за VIII одд. е планирана еднодневен излет.Еднодневен излет има рекреативен карактер ,излетот е корисен за здравјето на учениците и самиот има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес .

**Цели и задачи :**
- Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците ;
- Со самата екскурзија се допринесува за негување и проширување на другарството ;
- Екскурзијата допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат ;

**Време на изведување :**
- Излетот ќе се реализира во првата половина на месец мај 2025 год.

**Таргет група :**
- Ќе бидат опфатени сите ученици од VIII одд.

**Патен правец :**
- Велес – Скопје-Велес

**Предели , подрачја и објекти што ќе се посетат :**
**ДЕН:**
- Посета на Матка
- Посета на Музеј на Македонската борба
- Посета на Спомен куќата на мајка Тереза
- Разгледување на центарот на Скопје плоштад Македонија
- Посета на Сити мол

**Раководители на екскурзијата :**
- Спасиќ Наталија – одд. раководител -8-1;
- Македонка Грков- одд. Раководител 8-2;
- Тодорова Кети - одд. раководител 8-3;
- Николова Весна - одд. раководител 8-4;
- Татјана Саздова Стефановски- одд. Раководител 8-5;
- Стефановска Снежана -одд.раководител 8-6

**Буџет** :
- Средствата за екскурзијата ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители .

**Одговорен наставник**
- Весна Николова

# ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX одд.

Во годишната програма за работа на училиштето за IX одд. е планирана **тродневна** екскурзија. Екскурзијата има рекреативен карактер, корисна е за здравјето на учениците и самата екскурзија има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес .

**Цели и задачи** :

- Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците ;
- Со самата екскурзија се допринесува за негување и проширување на другарството ;
- Екскурзијата допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат ;

**Време на изведување** :

- Екскурзијата ќе се реализира во втората половина на месец мај 2025 година

**Таргет група** :

- Ќе бидат опфатени сите заинтересирани ученици од IX одделение

**Патен правец** :

- Велес – Охрид – Битола – Велес

**Предели , подрачја и објекти што ќе се посетат** :

ПРВ ДЕН:

- Разгледување на градот Охрид
- Посета на куќата на семејството Филеви
- Посета на куќата на семејството Робевци
- Разгледување на фрески и иконите на црквата Св.Софија
- Разгледување на фрески и иконите на црквата Св.Богородица
- Посета на Охридскиот амфитеатар
- Самоиловата тврдина
- Плаошник - црквата Св.Пантелејмон
- Црквата Св.Јован Канео
- Старата Охридска чаршија

ВТОР ДЕН

- Хидролошки завод „Билјанини извори”
- Заливот на Коските
- Манастирот Св.Наум Охридски

ТРЕТ ДЕН

- Битола – Широк Сокак
- Враќање во попладневните часови за Велес .

**Раководители на екскурзијата** :

- Весна Димитриева– одд. раководител -9-1;
- Одд. раководител 9-2;
- Александра Крстовска- одд. раководител 9-3;
- Габриела Андонова- одд. раководител 9-4;
- Билјана Тодороска - одд. раководител 9-5;
- Каролина Попова -одд.раководител 9-6

**Буџет** :

- Средствата за екскурзијата ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-4012
4.11. 2024 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ... УЧИЛИШТЕ
06.11.2024
03-533/2

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До:
Директорот на:
ООУ„Васил Главинов" Велес

**Предмет:** Давање насоки по доставена Програма за екскурзии и други слободни активности за учебната 2024/2025 година

**Ваш број:** Барање 03-533/1од 9.10.2024 година
01-369/5 од 11.7.2024 година програма за екскурзија за III одделение, програма за екскурзија за VI одделение, програма за екскурзија за XI одделение, Програма за реализирање на еднодневен излет на учениците од I-IX одделение,

Почитуван,

Врз основа на Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни ученички активности на учениците во основните училишта, Ве известуваме дека Вашата Програма за организација и изведување на екскурзии во учебната 2024/2025 година на основното училиште ги задоволува сите критериуми пропишани со правилникот.

Со почит,

Биро за развој на образованието
директор
Абдулфета Фетаи

изготвил: Ванче Маневски

**Напомена:** Доколку екскурзиите и другите слободни активности се изведуваат во услови на Ковид криза, да се почитуваат протоколите и мерките пропишани од Комисијата за здравство, а во насока на максимална заштита на учениците и наставниците.

РЕПУБЛИКА С... МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНС... ...ИЛИШТЕ

09-40/2

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

**Предмет:** Мислење за изведување ученички екскурзии и други слободни активности за ООУ„Васил Главинов" Велес

**Врска:** Барање – 03-533/1 од 9.10.2024 година

Почитуван,

Бирото за развој на образованието го разгледа Вашето барање за мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности доставено на 16.10.2024 година.

Мислењето е изготвено и Ви се доставува врз основа на Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта , а по разгледување на Програмите за изведување на еднодневни излети, еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија во учебната 2024/2025 година, доставена од Ваша страна.

Врз основа на доставените програми може да се констатира дека истите се изготвени во согласност со Правилникот. Во програмата се опишани Воспитно-образовните цели, задачите, содржината и активностите, раководителите, наставниците, учениците, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

Имајќи ги во предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието смета дека Вашата Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности е во согласност со позитивните законски прописи и може да се реализира.

Со почит,

Одговорен советник
Ванчо Маневски

Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилникот за дополнување на правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на___03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање мислење на Програма за планирани ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „Васил Главинов“- Велес**

1.Советот на Општина Велес, ја разгледа Програмата за планирани ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година на ООУ „Васил Главинов“- Велес и дава:

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

2. Решението ќе биде доставено до Училишниот одбор на ООУ „ Васил Главиновј“ Велес, за понатамошно постапување.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ООУ „Васил Главинов“ Велес доставени се: Програма за планирани ученички екскурзии и излети за учебната 2024/2025 година, Мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-40/2 од 04.11.2024 година и Мислење бр.02-108/4 од 27.02.2024 година од Совет на родители за учебната 2024/2025 година.

Согласно член 42 став 1 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25), училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

Во Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година во член 7 е регулирано дека за секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, која ја изработува стручен тим, одделно мислење дава Советот на родители на училиштето и Советот на Општината, по претходно позитивно мислење од Бирото за развој на образованието.